Архивски знак ______
Рок на чување ______ год.
______ 20__ година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.001.06

# УПАТСТВО ЗА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

Февруари 2023

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 23.11.2017 | Прво издание | / | / |
| 02 | 08.06.2018 | Второ издание | Изменети<br>Дополнета<br>Избришана<br>Изменета нумерација | преамбула,<br>Т.74 и 153<br>Т.54<br>Т. 152<br>Т.153 и 154 |
| 03 | 29.10.2019 | Трето издание | Изменети<br>Дополнети<br>Избришани<br>Изменета нумерација | Преамбула<br>Т.5, 7, 21, 24, 26, 29, 33, 43, 45, 46, 48, 49, 52, 53, 63, 79, 84, 90, 92-95, 99, 105, 115, 117-119, 121, 153,<br>Т. 19, 21, 25, 27, 40, 57, 58, 87, 97, 106, 109, 116, 122, 128, 138, 141, 152<br>87Т.25 и 139<br>Од Т.22 до крај |
| 04 | 16.09.2020 | Четврто издание | Изменети<br>Дополнети<br>Избришана<br>Изменета нумерација | Т. 29, 87, 155, 156<br>Т. 55, 85, 94, 95, 128, 129<br>Т.152<br>Од.Т. 95 до крај |
| 05 | 29.11.2021 | Петто издание | Изменети | Преамбула<br>Т.87,155 |
| 06 | 07-02-2023 | Шесто издание | Изменети<br>Дополнети | Т. 155<br>Т. 23, 32, 43, 47, 52, 92, 116, 118 |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се даваат подетални објаснувања поврзани со царинскиот долг, и тоа во делот на :
   - гаранции за обезбедување на царински долг,
   - настанување на царински долг,
   - пресметка и наплата на царинскиот долг,
   - одложување на плаќање на давачки,
   - можен царински долг,
   - враќање и простување на давачки,
   - гасење на царинскиот долг и
   - отпис на царинскиот долг.

2. Ова Упатство се однесува на царинскиот долг и гаранциите кои се поврзани со привремено чување на стока и со следните царински постапки: пуштање на стока во слободен промет, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола, привремен увоз, извоз за облагородување и извоз.

3. Царинскиот орган наплатува увозни и извозни давачки и други давачки и даноци во согласност со прописите со кои се регулирани овие видови на давачки и даноци. Доколку со прописите со кои се регулирани давачките и даноците кои ги наплатува царинскиот орган, не е поблиску уреден начинот на постапување на царинскиот орган, при плаќање и поднесување на гаранција за обезбедување на овие давачки и даноци, царинскиот орган ги применува одредбите од Царинскиот закон (во понатамошниот текст ЦЗ) и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (во понатамошниот текст УСЦЗ)[1].

4. Гаранциите во транзитна постапка и настанувањето на царинскиот долг во транзитна постапка се предмет на Упатството за гаранции во транзитна

[1] Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

постапка[2] и Упатството за спроведување на испитна постапка и наплата на долг во транзитна постапка[3].

## II. Употребени поими

5. Поимите употребени во ова Упатство го имаат следново значење:
   - царински долг е обврска на лицето да го плати износот на увозни или извозни давачки кои се пропишани за предметната стока,
   - увозните давачки на кои се однесува царинскиот долг се царината (давачки пресметани по царинската стапка и давачки пресметани по единечна мерка на количината на стока која се увезува), како и другите увозни давачки со еднаков ефект на царината (како на пример анти-дампинг и компензаторни давачки),
   - извозните давачки на кои се однесува царинскиот долг се царината (давачки пресметани по царинската стапка и давачки пресметани по единечна мерка на количината на стока која се извезува), како и другите извозни давачки со еднаков ефект на царината (како на пример анти-дампинг и компензаторни давачки),
   - давачки се увозни и извозни давачки и други давачки и даноци кои ги наплатува царинскиот орган во согласност со прописите со кои се регулирани овие видови на давачки и даноци,
   - евидентирање во царинската евиденција е пресметување и внесување во царинската евиденција од страна на царинскиот орган, на секој поединечен износ на увозни давачки или извозни давачки кои произлегуваат од царинскиот долг кој настанал како резултат на прифаќање на царинска декларација за стока ставена во царинска постапка, освен за постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки или заради секое друго дејствие кое има ист правен ефект како прифаќање на царинска декларација,
   - дополнително евидентирање во царинската евиденција е евидентирање во царинската евиденција на износот на давачки кој треба да се наплати или кој преостанува да се наплати, а кој произлегува од царинскиот долг и кој не е евидентиран во царинската евиденција согласно со членот 234 на ЦЗ или е евидентиран во царинската евиденција во помал износ од законски долгуваниот,

[2] Упатството за гаранции во транзитна постапка како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

[3] Упатството за спроведување на испитна постапка и наплата на долг во транзитна постапка како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

- Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст СОЦДАД) е електронски систем во кој се врши евидентирање, следење и наплата на царинскиот долг и гаранциите,
- должник е лицето кое е одговорно за плаќање на царинскиот долг,
- декларант е лице кое поднесува царинска декларација во свое име или лице во чие име се поднесува царинската декларација,
- општа гаранција е гаранција за покривање на две или повеќе операции, за кои настанал или може да настане царински долг,
- поединечната гаранција е гаранција која се употребува за плаќање односно обезбедување на еден долг, за една операција,
- враќање е целосно или делумно враќање на увозните или извозните давачки кои се платени,
- простување е одлука за откажување од наплата на целиот или дел од износот од царинскиот долг или одлука со која се поништува евидентирањето во царинската евиденција на дел или на целиот износ на увозните или извозните давачки кои не се платени.

## III. Гаранција за обезбедување на царинскиот долг

### III.1. Општи одредби

6. Со гаранција се обезбедува плаќање на царински долг што настанал или царински долг што би можел да настане, како и други давачки и даноци за кои царинските органи се овластени да ги наплаќаат во согласност со прописите со кои се регулирани овие видови на давачки и даноци, како и камати кои настанале или би можеле да настанат во врска со давачките за кои гаранцијата е поднесена и прифатена.

7. Потребна е гаранција за обезбедување на царинскиот долг (во понатамошниот текст гаранција) при ставање на стока во следните одложувачки постапки:
   - царинско складирање,
   - увоз за облагородување со систем на одложено плаќање,
   - преработка под царинска контрола,
   - привремен увоз со царинска декларација.

8. Гаранција исто така е потребна и при привремено чување на стока.

9. Гаранција е потребна и при пуштање на стоката во слободен промет во следните случаи:
   - кога се одобрува одложување на плаќање на давачките,

- кога се пушта стоката пред да се платат давачките, со обврска истите да се платат во законскиот рок од 10 дена,
- кога се применуваат поедноставени постапки: за одобрено одложување на плаќање на давачките - во сите видови на поедноставени постапки или за обезбедување на можниот царински долг кој може да настане - при непотполна декларација,
- во случаите кога стоката се пушта пред целосно да заврши проверката (на пример земени мостри, проверка на доказ за потекло и друго).

10. Гаранција се поднесува и за царински долг утврден со решение во управна постапка, ако се бара одложување на извршување на решението.

11. Гаранција не е потребна во случај кога лицето кое направило или може да направи царински долг е државен орган, општина, градот Скопје или јавно правен субјект. Царинскиот орган може да не бара поднесување на гаранција кога износот кој треба да се обезбеди не надминува 150 евра во денарска противвредност.

12. Царинскиот орган може да бара поднесување на гаранција и во случаите кога тоа не е задолжително, доколку има оправдани причини за сомневање дека царинскиот долг кој настанал или кој може да настане нема да биде платен во пропишаниот рок.

13. Гаранцијата по правило се поднесува од лицето кое е одговорно или кое може да стане одговорно за царинскиот долг. Должник по правило е декларантот. Во случај на индиректно застапување, освен декларантот, должник исто така е лицето за чија сметка е поднесена декларацијата (на пример: увозникот, примачот). Тоа значи дека во овој случај гаранцијата може да биде поднесена од било кое од овие две лица. Во случај на директно застапување може да се прифати гаранција и од застапникот доколку таквата можност со посебна клаузула е наведена во дадената гаранција. Гаранција се поднесува и од подносител на барање за спроведување на постапка со економски ефект.

14. Стоката не може да се стави во царинска постапка за која се бара гаранција доколку царинскиот долг кој настанал или би можел да настане не е обезбеден со гаранција.

## III.2. Видови на гаранции

15. Гаранција може да се поднесе во една од следниве форми:
    - готовински депозит или кој било инструмент еднаков на готовински депозит во денари или
    - банкарска гаранција односно преземање на обврска од страна на банката гарант.

16. Овие форми на гаранција може да се употребуваат како:
    - поединечна гаранција или
    - општа гаранција.

17. Лицето од кое се бара да поднесе гаранција има право да избере кој од пропишаните видови на гаранција ќе поднесе.

18. Царинскиот орган може да одбие да ја прифати предложената форма на гаранција или гарантот кога смета дека истата не го обезбедува плаќањето на царинскиот долг во пропишаниот рок или кога предложената форма на гаранција не обезбедува правилно спроведување на царинската постапка.

### III.2.1. Банкарска гаранција

19. Гарантот кој издава банкарска гаранција мора да биде регистриран во Република Северна Македонија и да биде одобрен од Царинската управа.

20. Гарантот ја издава Гаранцијата за обезбедување на царинскиот долг во царинската постапка (прилог 60 од УСЦЗ) во писмена форма, со што се обврзува „на прв повик" и „без приговор" да го плати царинскиот долг вклучувајќи го износот на каматата и настанатите трошоци во постапка за плаќање на неплатениот царински долг. Гарантот за износот кој е пристигнат за плаќање одговара солидарно со царинскиот должник.

21. Општите банкарски гаранции се поднесуваат кај Одделението за наплата на приходи – Служба за гаранции во Секторот за финансиски прашања. Службата за гаранции е надлежна за прифаќање, одобрување, евидентирање, и ослободување на гаранцијата, а надлежна за наплатата од гаранциите е Службата за присилна наплата.

    Поединечните банкарски гаранции се поднесуваат кај надлежните царински испостави од каде што започнува царинската постапка или кај надлежната

Служба за надзор на иматели на одобренија (во понатамошниот текст СНИО) кога се издава одобрение во поедноставена постапка.

22. Задолжување и раздолжување на гаранциите за царински постапки со економски ефект се врши со прифаќање на царинските декларации, во царинските испостави каде што се спроведува постапката. Задолжување на гаранциите за пуштање во слободен промет се врши со прифаќање на царинските декларации, во царинските испостави каде што се спроведува постапката, а раздолжувањето се врши со плаќање на давачките, со што салдото на гаранцијата се раздолжува за износот на извршена уплата.

23. Банкарската гаранција се поднесува заедно со 01.30.32.УП.001.06-ОБ.01.06 Барање за прифаќање на банкарска гаранција/Анекс или 01.30.32.УП.001.06-ОБ.02.06 Барање за прифаќање на банкарска гаранција/Анекс - ЗУЈ[4]. Во барањето треба да се наведе за која постапка се однесува гаранцијата, за кој временски период и во кои царински испостави ќе се користи гаранцијата.

24. Одлуката по барањето за прифаќање на банкарската гаранција/анексот се донесува во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето. Со прифаќањето на гаранцијата истата се внесува во модулот за управување со гаранции ГМС во СОЦДАД и добива единствена царинска идентификација референтен број на гаранција (во понатамошниот текст РБГ), кој се користи во сите царински документи при електронска обработка. Овој број се внесува и на образецот на прифатената гаранција.

25. Службата за гаранции ја прифаќа банкарската гаранција кога:
- е издадена од банка која е регистрирана во Република Северна Македонија и е одобрена од Царинската управа на Република Северна Македонија,
- гаранцијата е издадена во форма на пропишан образец,
- гаранцијата е целосно и правилно пополнета, потпишана и заверена од банката гарант и
- рокот на важност не е пократок од 3 месеци, ниту пократок од рокот во кој тој долг може да настане, продолжен за 60 дена, односно продолжен за 90 дена при употреба на царински постапки со економски ефект.

[4] Обрасците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

26. По прифаќање на банкарската гаранција, на образец Надворешна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[5], Службата за гаранции ја известува надлежната банка преку службената електронска пошта.

27. Прифатената банкарска гаранцијата важи на целото царинско подрачје на Република Северна Македонија.

28. Во случај на општа гаранција, употребата на износот од гаранција се евидентира и се следи во модулот за управување со гаранции ГМС во СОЦДАД.

29. Согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација[6] (во понатамошниот текст Правилник за ЕЦД) следните рубрики од ЕЦД се поврзани со употребата на гаранциите:
    - рубрика 47 - пресметка на давачки со вид на долг, давачки во првата колона и начин на плаќање на давачките во последната колона. Кај системот на одложено плаќање мора да се обезбеди гаранција на тој износ,
    - рубрика 52 – шифра за вид на гаранција од Правилникот за ЕЦД, РБГ и соодветна шифра за пристап.

30. Замена на прифатената банкарска гаранција е можна на барање на подносителот и за истото одлучува Службата за гаранции при Одделението за наплата на приходи.

31. Кога царинскиот должник поднесува нова банкарска гаранција, долговите кои биле обезбедени со претходна гаранција, а не се во целост подмирени или можат да настанат се обезбедуваат со новата банкарска гаранција која ја поднесува царинскиот должник. Новата банкарска гаранција задолжително треба да содржи клаузула дека од неа може да се наплатат и долговите кои биле обезбедени со претходната гаранција.

32. До истекот на рокот на важност на банкарската гаранцијата царинскиот должник може да поднесе анекс на гаранција за продолжување на рокот на важноста на истата. Анексот за продолжување на гаранцијата треба да содржи клаузула дека

[5] Упатството за изглед и структура на документацијата со сите образци, како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

[6] Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација со сите измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа.

од гаранцијата со продолжен рок на важење може да се наплатат и царинските долгови кои биле обезбедени со основната гаранција. Анекс за прифаќање на гаранција се поднесува на образец Барање за прифаќање на банкарска гаранција/анекс или Барање за прифаќање на банкарска гаранција/Анекс - ЗУЈ.

33. Доколку царинскиот долг за кој била поднесена банкарска гаранција, во пропишаниот рок не е платен, налогот за плаќање го менува статусот во „надминато" во модулот Систем за наплата и сметководство – АРС. Оператор од Службата за присилна наплата на официјалната електронска пошта на царинскиот должник/подносителот на гаранција доставува преглед на доспеани неплатени обврски заедно со опомена, на образец Надворешна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, дека во случај ако царинскиот должник не го подмири царинскиот долг во рок од два работни дена, износот ќе се наплати од банкарската гаранција.

34. Доколку во рокот даден во опомената не се изврши уплата, Службата за присилна наплата пристапува кон наплата на царинскиот долг со активирање на гаранцијата согласно Процедурата за присилна наплата[7].

35. Банката се обврзува веднаш по добивањето на налогот за наплата од предметната гаранција, да изврши уплата на пресметаниот износ на образец за плаќање на јавни приходи ПП 50, на прв повик и без приговор.

36. Доколку банката не го плати наведениот износ, се применува систем за заштита од евентуална неажурност на банката, и истата во иднина нема да биде прифатена како гарант од страна на Царинската управа.

37. Истата постапка се спроведува и во случај на обезбеден царински долг кој е утврден со решение во управна постапка и кој не е платен во рок од 10 дена од уредна достава на решението.

38. Банкарската гаранција се ослободува:
- кога царинскиот долг за кој што е дадена згасне и
- кога царинскиот долг за кој што е дадена повеќе не може да настане.

39. Банкарската гаранцијата се ослободува и по истекот на рокот за наплата.

[7] Процедурата за присилна наплата како интерен акт е објавена во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа.

40. На барање на царинскиот должник или банката гарантор, Службата за гаранции одобрува ослободување на банкарската гаранција, доколку се утврди дека царинскиот должник ги измирил сите царински долгови кои биле обезбедени со предметната банкарска гаранција, односно доколку утврди дека можниот царински долг кој бил обезбеден со предметната банкарската гаранција не може повеќе да настане или е обезбеден со нова банкарска гаранција. Начинот на ослободување на банкарската гаранција е пропишан со Процедурата за инструменти за обезбедување на царински долг[8].

41. Службата за гаранции може да бара, од царинските испостави и службите за надзор на иматели на одобренија во кои се употребувала предметната гаранција како и од Службата за управна постапка (во натамошниот текст СУП), да потврдат дека царинскиот долг згаснал, односно дека повеќе не може да настане.

### III.2.2 Готовински депозит

42. Како гаранција за обезбедување на веќе настанат царински долг или царински долг кој може да настане, царинскиот должник може да поднесе готовински депозит за обезбедување на плаќање на царинскиот долг. Готовинскиот депозит може да биде поединечен и општ.

43. Должникот поднесува 01.30.32.УП.001.06-ОБ.03.06 Барање за прифаќање на поединечен готовински депозит или 01.30.32.УП.001.06-ОБ.04.06 Барање за прифаќање на поединечен готовински депозит – ЗУЈ со уплата на денарски средства на образец за плаќање на јавни приходи ПП 50, на депозитна сметка број 090030017569626 за Царинска управа, при што начинот на плаќање треба да биде итен, со пополнување на шифра 1 во рубриката начин (прилог 1).

44. На готовински депозит царинскиот орган не исплаќа камата.

45. Барањето за поединечниот готовински депозит се поднесува кај царинската испостава во која истиот ќе се употребува или до надлежното СНИО кое треба да го донесе одобрението во поедноставена постапка, со поднесување на примерок од образец за плаќање на јавни приходи ПП 50 во оригинал или отпечаток од конечно реализиран налог за уплата преку електронско банкарство.

[8] Процедурата за инструментии за обезбедување на царински долг е објавена во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

46. Царинската испостава/СНИО го прифаќа поединечниот депозит доколку со увид во модулот Систем за сметководство и наплата утврди дека истиот е евидентиран. Прифаќањето се врши со регистрирање на гаранција за поединечен готовински депозит во модулот Систем за управување со гаранции и истата добива РБГ кој се впишува на поднесеното барање.

47. Општ готовински депозит се поднесува до Службата за гаранции заедно со 01.30.32.УП.001.06-ОБ.05.06 Барање за прифаќање на готовински депозит за обезбедување на долг во царинската постапка или 01.30.32.УП.001.06-ОБ.06.06 Барање за прифаќање на готовински депозит за обезбедување на долг во царинската постапка - ЗУЈ. Кон барањето се приложува:
    - изјава од царинскиот должник во која тој изјавува дека по добивање на известување со пресметка на царинскиот долг, царинскиот орган може да го наплати истиот од готовинскиот депозит без дополнително доставување на опомена и
    - изјава од царинскиот должник за пренамена на слободни средства од депозитот за регулирање на други царински обврски.

48. Службата за гаранции го потврдува прифаќањето на општиот готовински депозит со давање на Потврда за готовински депозит (прилог 61 од УСЦЗ). Со прифаќањето на општиот готовински депозит истиот се внесува во модулот Систем за управување со гаранции и добива РБГ, кој се користи во сите царински документи при нивна електронска обработка.

49. За употребата на општиот готовински депозит соодветно се применуваат објаснувањата за употреба на гаранција од точка 29 на ова Упатство.

50. Готовинскиот депозит не може повеќе да се употребува откако царинскиот должник доставил барање за враќање на уплатените средства.

51. Службата за гаранции по датумот на извршност на решението за утврден царински долг обезбеден со готовински депозит и евидентиран налог за плаќање во Системот за наплата и сметководство од страна на Одделение за правни работи, застапување пред судовите и управна постапка, го наплатува со пренасочување на пресметаниот износ од готовинскиот депозит. Евидентирање во царинската евиденција се врши со префрлање на износот од депозитната сметка број 0900300175–696-26 на евидентната сметка 845-xxx-00960.

52. Доколку има средства за враќање или кои остануваат за враќање, истите по службена должност се внесуваат во Систем за наплата и сметководство од страна на надлежната царинска испостава/СНИО. По добиено 01.30.32.УП.001.06-ОБ.07.06 Известување од надлежната царинска испостава/СНИО или 01.30.32.УП. 001.06-ОБ.08.06 Известување од надлежната царинска испостава/СНИО - ЗУЈ, истите по службена должност од самостоен советник/советник/ административен оператор во Службата за гаранции, се прифаќаат и се враќаат на сметка на царинскиот должник, под услов да не постои друг неизмирен доспеан царински долг.

53. Евиденцијата и контролата на наплатата и враќањето на средствата од готовинскиот депозит се врши во модулот Систем за наплата и сметководство.

54. Готовинскиот депозит може да се врати на царинскиот должник и тоа на истото лице кое го уплатило само откако царинскиот долг ќе згасне или кога царинскиот долг повеќе не може да настане. Ако готовинскиот депозит е поднесен за обезбедување на можен царински долг (на пример завршување на проверки, непотполна декларација итн.) истиот се враќа кога ќе се утврди дека таквиот долг не може да настане. Доколку е започната царинска постапка на привремен увоз, увоз за облагородување или друга одложувачка постапка, готовинскиот депозит се враќа кога ќе се утврди дека таквата постапка е завршена или можниот долг е подмирен.

55. Царинската испостава/СНИО по службена должност го известува царинскиот должник и Службата за гаранции, за случаите за готовински депозит кој може да биде вратен затоа што царинскиот долг згаснал или повеќе не може да настане со Известување во кое се наведува кој износ треба да се врати на странката. Барањето за враќање по службена должност се внесува во Систем за наплата и сметководство од страна на надлежната царинска испостава/СНИО со што барањето добива статус „ново".

56. Во случаите кога ќе се утврди дека царинскиот должник има заостанати неизмирени обврски спрема Царинската управа по други основи, средствата од депозитот можат да се вратат откако ќе бидат платени сите доспеани обврски од царинскиот должник, или пак на царинскиот должник му се дава можност со изјава да ги пренамени слободните средства од депозитот за регулирање на доспеаните царинските обврски.

### III.3 Одобрение за поднесување на општа гаранција

57. Одобрувањето на поднесување на општа гаранција за покривање на две или повеќе операции, за кои настанал или може да настане царински долг, се дава само на лица кои ги исполнуваат следниве услови:
- се регистрирани на царинското подрачје на Република Северна Македонија,
- имаат историја на почитување на царинските и даночните барања и
- се редовни корисници на предметните царински постапки или се познати на царинскиот орган дека имаат капацитет да ги исполнат нивните обврски во однос на тие постапки.

58. Како лице кое е регистрирано на царинското подрачје на Република Северна Македонија се смета:
- физичко лице - лице со постојано живеалиште во Република Северна Македонија;
- правно лице - лице кое има регистрирани канцеларии, централно седиште или постојано претставништво во Република Северна Македонија.

59. Условот „историја на почитување на царинските и даночните барања" не се смета за исполнет кога на подносителот на барањето:
- дополнително му е утврден царински долг, данок на додадена вредност, акцизи кои на датумот на поднесување на барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција се доспеани и неплатени или
- е сторител на царински прекршоци поради што со правосилни и извршни одлуки му се изречени глоби во вкупен износ поголем од 10.000 евра во денарска противвредност во периодот од три години кои претходат на датумот на поднесување на барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција, под услов бројот на царински декларации за кои се изречени глоби да надминува 2% од вкупно поднесените царински декларации во тој период, или
- со правосилна судска пресуда е осудено правното лице и одговорното лице во правното лице за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со Законот за акцизите, во период од три години кои претходат на датумот на поднесување на барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција.

Доказите и податоците ќе се сметаат дека подносителот со барањето ги има поднесено доколку за истите службена евиденција води друг орган, а Царинската управа е должна да ги прибави по службена должност по електронски пат, ако подносителот даде претходна согласност неговите лични

податоци да бидат употребени во постапката спроведена од страна на Царинската управа.

60. Условот „да се редовни корисници на предметните царински постапки или се познати на царинскиот орган дека имаат капацитет да ги исполнат нивните обврски во однос на тие постапки“ значи дека барателот е редовен учесник во царинска постапка за која бара поднесување на општа гаранција, односно да докаже дека може да ги исполни обврските од царинските постапки за кои бара поднесување на општа гаранција.

    При тоа, може да се земе предвид придржувањето на барателот кон обврските кои што ги имал во однос на други царински постапки и уредноста во исполнувањето на неговите обврски во поглед на редовно плаќање на давачките.

    За нови трговски друштва, се разгледува проценката на веројатниот број на декларации кои би биле приложени од страна на барателот и се докажува со изјава од подносителот на барањето дека може да ги исполни обврските од царинските постапки за кои бара поднесување на општа гаранција.

61. При оценка на исполнетоста на условите Службата за гаранции дополнителните информации ги обезбедува од Одделението за прекршочна постапка и Служба за аналитика и статистика при Одделение за анализа на ризик или од друга надлежна организациона единица, со барање на образец Интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

62. Барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција (прилог 60-а од УСЦЗ) се поднесува до Служба за гаранции во 3 примероци.

63. Одлуката по барањето се донесува во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето и со наведување на РБГ, во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барање кон кое се приложени сите барани податоци и документи или решение за одбивање на барањето на образец Одлуки решенија заклучоци од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

64. Примерок од одлуката по барањето се доставува до подносителот на барањето.

65. Контрола на исполнетоста на условите по давањето на одобрение за поднесување на општа гаранција, по службена должност врши Службата за гаранции најмалку еднаш на две години.

## III.4 Одобрение за користење на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција

66. На барателот може да му се одобри користење на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција под услов да ги исполнува следниве критериуми:
   - задоволителен систем за управување со комерцијална и каде што е соодветно, транспортна евиденција, која овозможува соодветни царински контроли и
   - докажана солвентност.

67. Постапката на утврдување на исполнетоста на критериумите започнува со прием на Барање за одобрување за поднесување на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција (прилог 60-б од УСЦЗ).

68. Критериумот кој се однесува на „задоволителен систем за управување со комерцијална и каде што е соодветно, транспортна евиденција, која овозможува соодветни царински контроли", се смета за исполнет кога:
   - евиденцијата која ја води барателот е соодветна за следење на задолженоста на банкарската гаранција во секој момент и
   - барателот има внатрешна пишана процедура за следење на задолженоста на гаранцијата и систем на внатрешна контрола, за да не се поднесе царинска декларација за ставање на стоката во постапка за која не е обезбеден соодветен износ на банкарска гаранција.

69. Критериумот кој се однесува на „докажана солвентност", се смета за исполнет ако солвентноста на барателот може да се докаже за последните три години. Докажана солвентност значи добра финансиска состојба која е доволна за исполнување на обврските на барателот, а која се однесува на карактеристиките на видот на деловните активности кои истиот ги спроведува. Ако барателот е основан пред помалку од три години од поднесување на барањето, неговата докажана солвентност се проценува врз база на податоците и информациите кои се достапни.

70. За докажување на исполнетоста на критериумот „задоволителен систем за управување со комерцијална и каде што е соодветно транспортна евиденција која овозможува соодветни царински контроли" кон барањето барателот доставува:
    - примерок и опис на евиденцијата која ја води барателот,
    - примерок од внатрешна пишана процедура за следење на задолженоста на гаранцијата и
    - опис на системот за внатрешна контрола кој овозможува да не се поднесе царинска декларација за ставање на стоката во постапка за која не е обезбеден соодветен износ на банкарска гаранција.

71. За докажување на исполнетост на критериумот „докажана солвентност" кон барањето барателот доставува:
    - информација за економско финансиската состојба на субјектот од Централен регистар или
    - позитивно мислење од независен надворешен ревизор за финансиските извештаи за последните три години.

    Обврска за доставување на финансиски извештаи имаат баратели опфатени во член 478 став 1 од Законот за трговски друштва[9] доколку вкупниот капитал на барателот е поголем од триста илјади евра во денарска противвредност, потврден во финансиските извештаи ревидирани од независен ревизор.

72. При проверка на Барање за одобрување за поднесување на општа гаранција со намален износ или иземање од обврската за поднесување на гаранција надлежниот самостоен советник/советник/административен оператор во СНИО или Служба за гаранции утврдува дали сите документи, докази и податоци се приложени кон барањето.

    Референтниот износ го предлага и го поткрепува барателот со докази за капитал на друштвото и имотна состојба, а надлежниот самостоен советник/советник/административен оператор во СНИО или Служба за гаранции врши проверка на истиот на основ на приложените докази.

    Исполнувањето на условите од оваа точка се докажува при одлучувањето за прифаќање на Барањето и дополнително по давањето на одобрение се следи и се проверува по службена должност.

---

[9] Законот за трговски друштва со сите негови измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа.

73. Барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција со намален износ од 50%, барателот го поднесува во Службата за гаранции. Барањето за одобрување за поднесување на општа гаранција со намален износ од 30% и 10% или изземање од обврската за поднесување на гаранција барателот го поднесува кај надлежната СНИО во 3 примероци.

74. Користење на општа гаранција со намален износ од 50% обезбедување, односно гаранција за царински долг кој би можел да настане се дава доколку се исполнети условите од точка 70 и 71 на ова упатство. Надлежноста за давање на ова одобрение е на Одделение за наплата на приходи/Сектор за финансиски прашања.

75. По комплетирање на барањето со сите потребни податоци од надлежните организациони единици, шефот на СНИО го доставува до претседателот на постојаната Комисија за утврдување на исполнетоста на критериумите за висината на износот на општата гаранција за обезбедување на долг (во натамошниот текст: Комисија).

76. Утврдување на исполнетоста на критериумите го врши Комисија. Комисијата ја сочинуваат началникот на Одделението за царински и даночни постапки, кој е воедно и претседател на Комисијата, шефот на надлежната СНИО, началникот на Одделението за контрола на трговски друштва, началникот на Одделението за наплата на приходи, началникот на Одделението за правни работи, застапување и управна постапка. Во отсуство на началникот на Одделението за царински и даночни постапки претседател на Комисијата е началникот на Одделението за наплата на приходи.

77. По прием на известувањето, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледува поднесеното барање. За извршената оценка Комисијата изготвува Записник за утврдената состојба на образец Интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа. Врз основа на Записникот се донесува одлука за прифаќање на барањето во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето или решение за одбивање на барањето на образец Одлуки решенија заклучоци од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа. Одлуката мора да биде поддржана од најмалку четири членови, во кои е вклучен и претседателот на Комисијата.

Во Записникот за утврдената состојба на Комисијата која одлучува за одобрување за изземање од обврската за поднесување на гаранција се наведува референтен износ на царински долг кој би можел да настане, кој не смее да биде надминат.

78. Одлуката по барањето се донесува најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање, кон кое се приложени сите барани податоци и документи.

79. Примерок од прифатеното барање се доставува до подносителот на барањето. Примерок од прифатеното барање и Записникот за утврдена состојба се доставува и до Службата за гаранции заради евидентирање на намалениот износ на обезбедување и внесување на референтниот износ на царинскиот долг кој би можел да настане во модулот Систем за управување со гаранции.

80. Комисијата може да предложи користење на општа гаранција со намален износ од 30% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку барателот ги исполнува условите од точка 70 и 71 на ова упатство и има искуство во царинските постапки повеќе од две години.

81. Комисијата може да предложи користење на општа гаранција со намален износ од 10% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку барателот ги исполнува условите од точка 70 и 71 на ова упатство и има искуство во царинските постапки повеќе од три години.

82. Комисијата може да предложи изземање од обезбедување односно гаранција на царински долг кој би можел да настане доколку барателот ги исполнува условите од точка 70 и 71 на ова упатство и има искуство во царинските постапки повеќе од пет години.

83. Критериумите под кои е дадено одобрението за користење на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција треба да бидат исполнети постојано за цело време на важност на одобрението.

84. Евиденција на дадените одобренија за употреба на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција се води во модулот Систем за управување со гаранции.

85. Следење на исполнетоста на условите за намалување на гаранцијата на 50% врши Службата за гаранции, најмалку еднаш на 2 години. Следење на исполнетоста на условите за дадените одобренија за намалување на износот на гаранцијата од 30%, 10% или изземање од обврската за поднесување на гаранција и проверка по службена должност врши надлежната СНИО најмалку еднаш на 2 години. Доколку при проверката на надлежната СНИО се утврди дека не се исполнети условите кои се однесуваат на одобрението за употреба на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција, се изготвува информација за утврдената состојба на образец Интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа и се доставува до Комисијата, која со Записник утврдува дали се исполнети условите за укинување на одобрението.

86. За сите настанати промени кои влијаат на докажување на критериумите, со што изјавите или доказите кои биле доставени заедно со барањето повеќе не се целосно или делумно валидни, надлежната СНИО врши дополнителна оценка на исполнувањето на критериумите врз основа на новонастанатата состојба.

## IV. Царински долг

### IV.1 Настанување на царински долг

87. Царински долг при увоз настанува со:
- пуштање во слободен промет на стока која подлежи на увозни давачки или ставање на таква стока во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки. Царинскиот долг настанува во моментот на прифаќање на царинската декларација. Должник е декларантот а во случај на индиректно застапување, царински должник е и лицето за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација.

  *Пример – лицето настапува во свое име и за своја сметка (без застапник): увозник на стоката и декларант е АА-комерц наведен во рубрика 8, рубрика 14 и рубрика 54 од ЕЦД. Во овој случај царински должник е АА-комерц.*
  *Пример - директно застапување: Увозник на стоката е АА-комерц кој е и декларант и е наведен во рубрика 8 од ЕЦД. Декларацијата е поднесена во име и за сметка на АА-комерц кој е наведен во рубрика 14 од ЕЦД, од застапникот XX-шпед кој е наведен во рубрика 14 и рубрика 54 од ЕЦД. Од поднесеното полномошно може да се утврди дека се работи за директно (непосредно) застапување во туѓо име и за туѓа сметка. Заради тоа во рубриката 14 е наведена и шифрата 2 со што се означува дека се работи за*

*директно застапување. Во овој случај царински должник е АА-комерц во чие име е поднесена декларацијата и кој во овој случај на застапување е царински декларант.*

*Пример - индиректно (посредно) застапување: Увозник на стоката е АА-комерц наведен во рубрика 8 од ЕЦД. Декларацијата е поднесена во име на застапникот XX-шпед кој е декларант и е наведен во рубрика 14 од ЕЦД, а за сметка на АА-комерц. Од поднесеното полномошно може да се утврди дека се работи за индиректно (посредно) застапување во свое име, а за туѓа сметка. Заради тоа во рубриката 14 е наведена шифрата 3 со што се означува дека се работи за индиректно застапување. Во овој случај царински должници се XX-шпед кој ја поднесува декларацијата во свое име и кој во овој случај на застапување е царински декларант и АА-комерц како лице за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација.*

Дополнително, освен претходно наведените лица, како царински должник кој е солидарно одговорен ќе се смета и било кое друго лице кое доставило податоци врз основа на кои е поднесена царинската декларација кои водат кон целосно или делумно неплаќање на давачки во случаите кога лицето кое ги доставило тие податоци знаело или морало да знае дека таквите податоци биле невистинити. Овие лица може да бидат утврдени при проверките на царинската декларација во царинските испостави или при дополнителната проверка на царинската декларација (пример: при доставување на невистинити податоци од страна на превозникот кои довеле до неправилно утврдување на царинската вредност делумно неплаќање на царини, царински должник ќе биде и превозникот кој ги доставил тие податоци);

- прифаќање на извозна царинска декларација кон која се бара издавање на доказ за преференцијално потекло од Република Северна Македонија за стока која е добиена во постапка на увоз за облагородување, во која е вградена странска стока. Исклучок се случаите кога се користи целосна кумулација и/или draw back во трговијата меѓу страните каде во договорите за слободна трговија[10] е пропишана примена на целосна кумулација и/или draw back. Царинскиот долг настанува во моментот кога царинскиот орган ја прифатил извозната царинска декларација за предметната стока;

*Пример - во постапка на увоз на облагородување со систем на одложено плаќање на давачките е ставена стока со потекло од Кина и од истата се произведува готов производ за извоз во Германија, согласно Протокол 4 од*

---

[10] Протоколите за потекло како составен дел на Договорите за слободна трговија со сите измени и дополнувања се објавени на интернет страната на ЦУ во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Потекло на стока".

*Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ. При извозот во Германија извозникот применува целосна кумулација и/или draw back и бара издавање на Уверение за движење ЕУР.1, пополнето во рубрика 7 како што е пропишано во Упатството за примена на преференцијални докази за* потекло и Насоката за постапување при примена на алтернативните применливи правила за потекло на стоки[11] за ваков случај. Во моментот на прифаќање на извозната *декларација не настанува царински долг. Тоа значи дека во овој момент странската стока со потекло од Кина не е предмет на плаќање на увозни давачки. Напомена: Пред да не се изврши наплата на царинскиот долг за суровините без потекло, потребно е секогаш да се провери дали во соодветниот протокол има одредби за примена на целосна кумулација и/или draw back.*

- бесправно внесување на царинското подрачје на стока која подлежи на увозни давачки или бесправно внесување на стока од слободна зона или слободен склад на другиот дел на царинското подрачје (пример: внесување на стока во царинското подрачје во патничкиот промет без истата усно да се декларира, внесување на стока во товарно моторно возило кое е декларирано како празно, внесување на стока во стоков промет без да се декларира тој вид на стока или целата или дел од количината на предметната стока, внесување на стока во царинското подрачје надвор од царинските премини и слично). Царинскиот долг во овој случај настанува во моментот на бесправно внесување. Царински должници кои солидарно одговараат за долгот се лицето кое бесправно ја внело стоката, лицата кои учествувале во бесправното внесување и знаеле или морале да знаат дека внесувањето е бесправно и сите лица кои стекнале сопственост или поседувале стока за која знеле или морале да знаат дека е бесправно внесена;
- бесправно отстранување од царински надзор на стока која подлежи на увозни давачки (пример: незавршување на транзитна постапка, отстранување на стока од царински склад без спроведување на соодветни царински формалности, отстранување на стока од одобрените простории за привремено чување на стока без спроведување на соодветни царински формалности, отранување на стока од одобрените места во постапката на увоз за облагородување без спроведување на соодветни царински формалности и слично). Царинскиот долг во овој случај настанува во моментот на бесправно отстранување. Царински должници кои солидарно

---

[11] Упатството за примена на преференцијални докази за потекло и Насоката за постапување при примена на алтернативните применливи правила за потекло на стоки со сите измени и дополнувања како интерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа.

одговараат за долгот се лицето кое ја отстранило стоката, сите лица кои учествувале во тоа отстранување и кои знаеле или морале да знаат дека стоката била отстранета од царински надзор, сите лица кои стекнале во сопственост или поседувале таква стока и кои знаеле или морале да знаат дека стоката била отстранета од царински надзор и лицето од кое се бара да ги исполни обврските кои произлегуваат од привременото чување на стоката или употребата на царинската постапка во која таа стока е ставена;

- неисполнување на една од обврските кои произлегуваат, во поглед на стока која подлежи на увозни давачки, од нејзиното привремено чување или од употребата на царинската постапка во која таа е ставена или непридржување кон еден од условите со кои се регулира ставањето на стоката во одредена царинска постапка или одобрување на намалени или увозни давачки нула заради крајната употреба на стоката, во случаи различни од оние кои се однесуваат на бесправно отстранување од царински надзор, освен доколку се утврди дека пропустите немаат значително влијание на правилното спроведување на привременото чување или на предметната царинска постапка. Царинскиот долг во овој случај настанува во моментот кога обврската не била исполнета или во моментот кога дополнително е утврдено дека еден од условите не бил исполнет. Царински должници кои солидарно одговараат за долгот се лицата од кои се бара да ги исполнат пропишаните обврски или лицата од кои се бара да се придржуваат кон пропишаните услови. Царинскиот долг ќе се смета дека настанал, освен доколку царинскиот должник не докаже дека се исполнети условите да се утврди дека неисполнувањето на обврските немале значајно влијание на правилното извршување на привременото чување или на царинската постапка. Се смета дека пропустите, немаат значајно влијание на правилното спроведување на привременото чување или на предметната царинска постапка под услов да не претставуваат обид за бесправно изнесување на стоката од под царински надзор, да не упатуваат на очигледна небрежност од страна на странката и дополнително да се извршени сите формалности неопходни за регулирање на состојбата со стоката.

Примери за пропусти кои немаат значајно влијание на правилното спроведување на привременото чување или на предметната царинска постапка се:

- пречекорување на рокот дозволен за одредување на едно од царински дозволените постапувања или употреби за стоката кои се пропишани за привременото чување или за предметната царинска постапка, кога рокот би бил продолжен доколку навремено било поднесено барање за продолжување на истиот;

- за привремено чувана стока или стока ставена во постапка на царинско складирање, ракување кое што не е претходно одобрено од страна на царинскиот орган, кога таквото ракување би било одобрено доколку било поднесено барање;
- за стока ставена во постапка на привремен увоз, употреба на стоката различна од дадената во одобрението, кога таквата употреба би била одобрена за таа постапка доколку било поднесено барање;
- за привремено чувана стока или стока ставена во царинска постапка, преместување без одобрение, под услов стоката да може да се стави на увид на барање на царинскиот орган;
- за привремено чувана стока или стока ставена во царинска постапка, изнесување на стоката од царинското подрачје или нејзино внесување во слободна зона без завршување на потребните формалности;
- за стока или производи физички пренесени од едно до друго место во рамките на постапките со економски ефект, неисполнување на еден од условите под кои се врши пренесувањето, при што се исполнети следниве услови:
  а) странката може да му докаже на царинскиот орган дека стоката или производите пристигнале во назначените простории или до назначеното одредиште, и дека стоката или производите правилно биле внесени во евиденциите коишто се водат во назначените простории или во назначеното одредиште, кога согласно одобрението се бара таков вид на запис во евиденцијата;
  б) кога рокот наведен во одобрението не бил запазен, а стоката или производите без оглед на тоа пристигнале во назначените простории или до назначеното одредиште во разумен рок;
- при увоз за облагородување и преработка под царинска контрола, пречекорување на рокот дозволен за поднесување на извештајот за раздолжување, кога рокот би бил продолжен доколку навреме било поднесено барање;
- пречекорување на рокот дозволен за привремено изнесување од царински склад, кога рокот би бил продолжен доколку навреме било поднесено барање;
- со трошење или употреба во слободна зона или слободен склад. Царинскиот долг во овој случај настанува во моментот кога стоката е употребена или искористена. Царински должници кои солидарно одговараат за долгот се лицата кои ја употребиле или ја искористиле стоката или лицата кои учествувале во употребата или користењето.

88. Царински долг при извоз настанува со:
- извоз од царинското подрачје на стока која подлежи на извозни давачки. Царинскиот долг во овој случај настанува во моментот на прифаќање на таа декларација. Должник е декларантот, а во случај на индиректно застапување, царински должник е и лицето за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација;
- изнесување од царинското подрачје на стока која подлежи на плаќање на извозни давачки без царинска декларација. Царинскиот долг настанува во моментот кога стоката стварно го напушта царинското подрачје. Царински должници кои солидарно одговараат за долгот се лицето кое ја изнело стоката и сите лица кои учествувале во таквото изнесување;
- непридржување кон условите со кои било одобрено изнесувањето од царинското подрачје со целосно или делумно ослободување од извозни давачки. Царинскиот долг настанува во моментот кога стоката пристигнува до одредиште различно од одобреното или во моментот на истекот на рокот кој бил определен за исполнување на условите за таквото ослободување. Должник е декларантот а во случај на индиректно застапување, царински должник е и лицето за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација.

## IV.2 Елементи за утврдување на увозните/извозните давачки

89. Како елементи за утврдување на увозните/извозните давачки се сметаат:
- царинската стапка и износот на давачки по единица мерка/дополнителна единица мерка според Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа;
- тарифното распоредување на стоката;
- потеклото на стоката;
- царинската вредност на стоката;
- количината, видот и состојбата на стоката.

90. Износот на увозните давачки по правило се утврдува врз основа на елементите за утврдување на увозните давачки кои важат на денот кога настанал царинскиот долг.

Исклучоци од ова правило се предвидени со Царинскиот закон во случај на:
- пуштање во слободен промет на стока која претходно била ставена во постапка на увоз за облагородување,
- пуштање во слободен промет на стока која била ставена во постапка на преработка под царинска контрола, која останала во непроменета состојба

или чија преработка не го достигнала степенот на преработка предвиден во одобрението,
- настанување на царински долг за увозна стока ставена во постапка на привремен увоз.

Во случаите кога се појавуваат овие исклучоци износот на увозните давачки се утврдува врз основа на елементите за утврдување на увозните давачките кои важеле за стоката во моментот на прифаќање на царинската декларација за ставање на стоката во предметната постапка (за увоз за облагородување, преработка под царинска контрола или привремен увоз соодветно).

*Пример: Стоката е ставена во постапка на увоз за облагородување со систем на одложено плаќање на давачките на 10.01.2022 година. За истата стока, наместо повторно да се извезе, на 30.05.2022 година се бара да се пушти во слободен промет. Царинскиот долг настанува на 30.05.2022 година, но износот на увозните давачки се утврдува врз основа на елементите за утврдување на увозните давачки кои важат за стоката на 10.01.2022 година во моментот на прифаќање на царинската декларација за ставање на стоката во постапка за увоз за облагородување.*

## IV.3 Пресметка на износот на царинскиот долг

91. Во случаите на настанување на царински долг со прифаќање на царинската декларација при пуштање на стока во слободен промет во редовна постапка износот на давачки се пресметува со царинската декларација и веднаш се евидентира во царинската евиденција.

    Кога износот на давачките кој треба да се плати е наведен во царинската декларација се смета дека царинскиот долг му е соопштен на должникот и царинскиот орган за истото посебно не го известува должникот. Пуштањето на стоката во слободен промет е еднакво на известување на должникот за долгот кој е евидентиран во царинската евиденција.

92. Пресметка на царински долг при увоз, со издавање на доказ за преференцијално потекло за стоката која повторно се извезува, се донесува на 01.30.32.УП.001.06-ОБ.09.06 Пресметка/решение за плаќање на одложените увозни давачки или 01.30.32.УП.001.06-ОБ.10.06 Пресметка/решение за плаќање на одложените увозни давачки – ЗУЈ во царинската испостава каде се

евидентира царинската декларација за повторен извоз и се внесува во модулот Систем за наплата и сметководство.

93. Решение за настанување на царински долг во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се донесува на Одлуки и решенија во надлежната СНИО и се евидентира во модулот Систем за наплата и сметководство.

94. Кога износот на давачки кој произлегува од царинскиот долг не е евидентиран во царинската евиденција согласно член 234 од Царинскиот закон или е евидентиран во помал износ од законски долгуваниот, надлежната царинска испостава истиот го пресметува во модулот Увоз, а предлогот го евидентира во модулот АРС и доставува предлог за дополнително евидентирање во царинската евиденција на образец Интерна комуникација. Врз основа на доставениот предлог од царинската испостава СУП, согласно Процедурата за спроведување на првостепена управна постапка[12] донесува решение и истото дополнително го евидентира во модулот Систем за наплата и сметководство.

95. По креирање на налог, односно предлогот во АРС, СУП одлучува по предлогот, при што својата одлука ја регистрира во системот, преку избирање на дополнителен налог во очекување на решение. Решението се евидентира во системот и налог добива статус „Во исчекување".

96. Управната постапка за дополнително евидентирање започнува и се води на предлог од царинската испостава каде што е евидентирана царинската декларација, по предлог од надлежната СНИО или по записник од дополнителна контрола од Секторот за контрола и истраги. Кон предлогот, во зависност од случајот, се доставуваат оригиналните прилози кон ЕЦД, записник од извршена контрола и забелешки од контролираното лице на истиот, како и сите други документи и докази потребни за правилно и законито одлучување.

97. Во решението за пресметан или дополнително пресметан и евидентиран царински долг покрај останатото задолжително треба да се наведат:
- основот за пресметка или дополнителна пресметка (пример: за дополнителна пресметка член 234-а став (1));
- основот за настанување на царинскиот долг (пример: за пуштање во слободен промет член 216 став (1) под а));

[12] Процедурата за спроведување на првостепена управна постапка е објавена во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

- утврдените неправилности и фактичката состојба;
- износ на царинскиот долг и
- утврдениот должник.

98. Известување на должникот за долгот не се спроведува по истекот на три години од денот на настанување на долгот и рокот се прекинува од моментот на поведување на управен спор пред надлежен суд, се до моментот на траење на постапката по тужба, односно до добивање на правосилна судска одлука. По истекот на овој рок, а најдоцна до 10 години од денот на настанување на долгот, известување на должникот за долгот може да се спроведе само кога царинскиот долг е последица на дејствие кое во моментот на извршување можело да резултира со кривична постапка.

99. Со решението се утврдуваат сите царински должници за предметниот случај, имајќи ја предвид можноста царински должници да бидат повеќе лица со солидарна одговорност. Ова значи дека царинскиот орган има право да бара плаќањето на царинскиот долг да го изврши било кој од определените солидарни должници се дотогаш додека обврската целосно не биде подмирена.

    Решението за утврден царински долг се доставува истовремено до сите царински должници, со која се задолжуваат да го платат настанатиот долг во рок од 10 дена од приемот на истото. Со приемот на решението на било кој поединечен солидарен должник, започнува да тече рокот за доброволно исполнување на обврската за тој солидарен должник кој го примил решението.

## IV.4 Наплата на износот на царинскиот долг

100. Плаќањето на царинскиот долг кој е пресметан со царинска декларација и не е обезбеден со гаранција го врши царинскиот должник во рок од 10 (десет) дена од датумот на настанување на долгот, а тоа е датумот на прифаќање на царинската декларација. Во случај на директно застапување, царинскиот орган може да прифати и плаќање од овластениот застапник. Извршената уплата се евидентира во модулот Систем за наплата и сметководство, по што стоката се пушта во слободен промет.

101. Плаќањето на царинскиот долг кој е пресметан со царинска декларација и е обезбеден со гаранција го врши царинскиот должник во рок од 10 (десет) дена од датумот на известување на должникот за долгуваниот износ на давачки, а тоа е датумот на пуштање на стоката во слободен промет. Во случај на директно

застапување, царинскиот орган може да прифати и плаќање од овластениот застапник.

102.Плаќањето на износот на давачки по царинска декларација се врши во денари со уплата на денарски средства на образец за плаќање на јавни приходи ПП 50, на буџетската сметка број 100-000000063095 уплатна сметка 845-XXX-0960 (XXX е број на општина на уплатувачот), за Царинска управа (прилог 2).

103.Кога стоката не може да се пушти во слободен промет бидејќи плаќањето не е извршено во рок или гаранцијата не е поднесена во пропишаниот рок, царинската испостава каде е евидентирана предметната декларација ги презема сите мерки вклучувајќи и одземање на стоката.

104.Плаќањето на царинскиот долг кој е пресметан со решение го врши царинскиот должник во рок од 10 (десет) дена од датумот на уредна достава на истото. Доколку со решението се утврдени солидарни должници, истите се одговорни за плаќањето на долгот и солидарно одговараат.

105.Плаќањето на износот на давачки по решение се врши во денари со уплата на денарски средства на образец за плаќање на јавни приходи ПП 50, на буџетската сметка број 100-000000063095 уплатна сметка 845-XXX-0960 (XXX е број на општина на уплатувачот), за Царинска управа (прилог 3).

106. Донесеното решение од точка 104 се евидентира во модулот Систем за наплата и сметководство со внесен датум на извршност и преку ЕДМС со забелешка за датум на извршност се доставува до Одделение за наплата на приходи, каде се следи наплатата на истото.

107. По исклучок, доколку износот на давачките утврдени со решението и казнената камата од датумот на истекување на пропишаниот рок за плаќање до датумот до кога е побарано одложување на извршување се обезбедени со гаранција и кога има основани причини да се верува дека оспореното решение не е во согласност со царинските прописи или дека би била предизвикана ненадоместлива штета, може целосно или делумно да се одложи извршувањето, се до правосилноста на решението. Решението за одложување на извршување на дополнително евидентираните давачки, го носи СУП и во модулот Систем за наплата и сметководство внесува датум до кој е одложено извршувањето.

108. Доколку долгот утврден со решението не е платен во рокот од 10 дена од датумот на уредна достава, Одделението за наплата на приходи ги користи сите можности кои се на располагање согласно важечките прописи, вклучувајќи и присилна наплата согласно Законот за даночната постапка[13]. Доколку со решението се утврдени солидарни должници и долгот не е платен во законскиот рок, присилната наплата започнува за сите солидарни должници.

109. Ако предметниот долг утврден со решението е обезбеден со гаранција и истиот не биде платен во рок од 10 дена од датумот на уредна достава на решението, се постапува како што е наведено во точка 34 до точка 37 од ова Упатство.

110. Ако предметниот долг не е обезбеден со гаранција и истиот не биде платен во рок од 10 дена од датумот на неговото настанување, царинскиот службеник во надлежната царинска испостава генерира опомена од модулот Систем за наплата и сметководство и ја доставува до должникот со доказ за уредна достава. Должникот е обврзан да го плати и износот на казнена камата за секој ден на задоцнување по истекот на пропишаниот рок од 10 дена, кој автоматски се пресметува во модулот Систем за наплата и сметководство.

## IV.5 Одложено плаќање на износите на давачки

111. Постапката за одобрување на одложување на плаќањето на увозни или извозни давачки е пропишана со одредбите на член 238, член 239 и член 240 од Царинскиот закон и истата се применува и за другите давачки и даноци за кои царинските органи се надлежни да ги наплаќаат во царинска постапка, освен кога одложувањето на нивното плаќање не е уредено на поинаков начин со прописите со кои истите се пропишани.

112. Одложувањето на плаќање на износите на давачки се одобрува за секој износ на давачки поединечно евидентиран во царинската евиденција согласно член 240 став (1) точка а) од Царинскиот закон или за износите на давачки кои се наплаќаат за сите стоки пуштени за едно лице во текот на календарска недела или календарски месец, кој еднократно се евидентира во царинската евиденција согласно член 240 став (1) точки б) и в) од Царинскиот закон, и тоа:

- износот на давачки поединечно евидентиран во царинската евиденција мора да се плати во рок од 30 дена од денот по датумот на кој износот на давачки бил евидентиран во царинската евиденција,

[13] Законот за даночна постапка со сите негови измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

- износот на давачки еднократно евидентиран во царинската евиденција за сите стоки пуштени за едно лице во текот на една календарска недела мора да се плати во петокот од четвртата недела по таа календарска недела,
- износот на давачки еднократно евидентиран во царинската евиденција за сите стоки пуштени за едно лице во текот на еден календарски месец мора да се плати до шеснаесеттиот ден од месецот по тој календарски месец.

113. Приемот и обработката на барањата за одложено плаќање на износот на давачки, проверката на исполнетоста на условите, како и изготвувањето на одлуките по поднесените барања е во надлежност на Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки.

114. Правилното спроведување на донесените одлуки за одобрување на одложување на плаќање на износот на давачките е во надлежност на царинарниците преку царинските испостави во моментот на прифаќање на царинските декларации за пуштање на стока во слободен промет.

115. Следењето на плаќањето на одложените давачки и преземањето на навремени мерки и активности за наплата на истите, преку активирање на прифатениот инструмент за обезбедување на плаќањето е во надлежност на Службата за присилна наплата.

Службата за присилна наплата доколку утврди дека имателот на одобрението за одложено плаќање не ги платил одложените давачки во пропишаниот рок веднаш го известува ОЦДП, на образец за интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

116. Постапката за одложување на плаќање на царински долг започнува со прием на 01.30.32.УП.001.06-ОБ.11.06 Барање/одобрение за одложување на плаќање на царинскиот долг или 01.30.32.УП.001.06-ОБ.12.06 Барање/одобрение за одложување на плаќање на царинскиот долг - ЗУЈ и во електронска форма во модулот МЕОС во СОЦДАД.

117. Одобрувањето на одложување на плаќање е условено со поднесување на прифатена и евидентирана гаранција со РБГ во модулот Систем за управување со гаранции.

118. Царинскиот службеник во ОЦДП по проверка на исполнетоста на условите и приложените докази, во рок од 30 дена од датумот на прием на комплетното барање, донесува:
- одобрение за одложено плаќање на износот на давачки, во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето и во електронска форма во модулот МЕОС во СОЦДАД или
- решение со кое барањето се одбива како неосновано, со образложение на причините за тоа одбивање на образец Одлуки, решенија, заклучоци од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа и во електронска форма во модулот МЕОС во СОЦДАД.

Со одобрување во модулот МЕОС издаденото одобрение добива единствен број на одобрение (AUNDP) кој имателот го користи при комуникација со царинските органи и кој во постапката на царинење се запишува во рубрика 44 од царинските декларации согласно Правилникот за ЕЦД во форма AUN/MK19AUNDP 90000000000000385.

Измена на одобрението за одложено плаќање се поднесува и се дава во електронска форма во модулот МЕОС во СОЦДАД.

119. Доколку имателот на одобрението не ги исполнува обврските кои му се определени со одобрението, како и доколку настанат околности спротивни на условите врз основа на кои е дадено одобрението, или пак доколку во постапка на контрола кај имателот на одобрението се утврдат неправилности, ОЦДП спроведува постапка за укинување на даденото одобрение и донесува решение на Одлуки решенија заклучоци од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа и во електронска форма во модулот МЕОС во СОЦДАД.

Во случај на ненавремено плаќање на одложениот износ на давачки врз основа на добиено известување од Служба за присилна наплата, царинскиот службеник од Одделението за царински и даночни постапки до имателот на одобрение за одложено плаќање испраќа опомена на образец за Надворешна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, со известување за нередовно плаќање на износот на давачки. Две испратени опомени во текот на една календарска година повлекуваат укинување на даденото одобрение за одложено плаќање.

120.Царинарниците преку царинските испостави во постапката на царинење со одложено плаќање на износот на давачки внимаваат бројот на одобрението задолжително да е впишан во рубрика 44 од царинската декларација.

## IV.6 Можен царински долг

121. Гаранција за обезбедување на можниот царински долг поднесува лицето кое е одговорно или кое може да стане одговорно за тој долг. Царинскиот орган може да одобри гаранцијата да ја поднесе друго лице, наместо лицето од кое тоа се бара. Можниот царински долг кај постапките со економски ефект може да го обезбеди имателот на одобрение или неговиот застапник.

122.Царинскиот службеник во царинската испостава проверува дали точниот износ на можниот царински долг и РБГ се внесени во рубрика 44 и рубрика 52 од ЕЦД.

123. Обезбедување на можниот царински долг се бара:
- за разликата до можниот конечен износ на давачки, во случај на прифаќање на непотполна декларација согласно член 88 став 1 точка а од Царинскиот закон,
- кога се бара пуштање на стоката, за која царинскиот орган смета дека извршените проверки може да доведат до утврдување на износ на увозни давачки поголем од оној којшто произлегува од податоците дадени во царинската декларација, во кој случај можниот царински долг се обезбедува со Гаранција тип 2, Гаранција тип 3 или со Гаранција тип 1 (доколку рокот на важност е подолг од 12 месеци),
- за ставање на стока во одложувачка постапка со економски ефект.

124. Гаранцијата за обезбедување на можниот царински долг се ослободува:
- со прием на дополнителната декларација и плаќање на износот на давачки,
- со плаќање на износот на давачки по извршените проверки на царинската декларација кои довеле до утврдување на поголем износ на давачки од оној кој произлегува од податоците дадени во царинската декларација,
- кога по извршените проверки на царинската декларација е утврдено дека износ на давачки е ист со оној кој произлегува од податоците дадени во царинската декларација,
- со завршување на постапката за стока која била ставена во одложувачка постапка со економски ефект.

# V. Враќање и простување на давачките

125. Увозните или извозните давачки се враќаат доколку се утврди дека кога тие биле платени нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил дополнително евидентиран во царинската евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од Царинскиот закон.

126. Увозните или извозните давачки се простуваат доколку се утврди дека кога тие биле евидентирани во царинската евиденција нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил евидентиран во царинската евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од Царинскиот закон.

127. Нема да се одобри враќање или простување кога фактите кои довеле до плаќањето или евидентирањето во царинската евиденција на износ кој не претставувал долг според закон, се резултат на намерна постапка на засегнатото лице.

128. Увозните или извозните давачки се враќаат или простуваат по поднесено барање до СУП во рок од три години од денот кога должникот бил известен за износот на тие давачки. Предлогот се евидентира во модулот АРС од страна на царински службеник во надлежната царинска испостава во случај кога враќањето е поврзано со измена на податоци во царинската декларација или од самостоен советник во СУП во случај кога враќањето не е поврзано со измена на царинската декларација, со избирање на полето „Регистрирај барање за поврат", по што се наведува причината за враќање на увозни давачки, како и утврдените разлики во пресметаните давачки, претходно проверени во модулот за дополнителна контрола.

129. По креирање и регистрирање на налогот, односно предлогот во АРС, СУП, одлучува по предлогот, при што својата одлука ја регистрира во системот.

130. Рокот од три години се продолжува доколку засегнатото лице обезбеди докази дека било спречено да го поднесе барањето во предвидениот рок поради непредвидливи околности или виша сила.

131. Кога царинскиот орган, во рокот од три години од денот кога должникот бил известен за износот на давачки, открие дека нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил дополнително евидентиран во царинската евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од Царинскиот закон, се врши враќање или простување на давачките по службена должност. Управната постапка за враќање или простување во овој случај, започнува и се води на

предлог од царинската испостава каде е евидентирана царинската декларација или по записник од дополнителна контрола од Секторот за контрола и истраги во модулот Увоз во делот за дополнителна контрола.

132. Увозни или извозни давачки се враќаат кога царинската декларација е поништена и давачките се платени. Враќањето се одобрува со поднесување на барање од засегнатото лице во роковите пропишани за поднесување на барање за поништување на царинската декларација. Одлуката за поништување на царинската декларација се донесува согласно член 76 од Царинскиот закон и член 165 од УСЦЗ.

133. Увозните давачки се враќаат или простуваат доколку се утврди дека износот на тие давачки евидентирани во царинската евиденција се однесува на стока ставена во предметната царинска постапка, а која не е прифатена од увозникот затоа што во моментот на прифаќање на царинската декларација таа е со недостатоци (стока со недостатоци вклучува стока оштетена пред нејзиното пуштање) или не е во согласност со условите од договорот врз основа на кои таа била увезена.

134. Недостатоците на стоката или неусогласеноста со условите од договорот се проверуваат со дополнителна контрола на стоката, увид во договорот или други документи соодветно. Доколку е потребно, дополнителна контрола на стоката може да се врши од страна на Секторот за контрола и истраги - Одделение за контрола на трговски друштва, на барање на СУП.

135. Враќање или простување на увозните давачки се врши под услов:

- стоката да не се употребувала, освен во првичната употреба која била потребна за да се утврди дека таа имала недостатоци или не била во согласност со условите на договорот и
- по донесување на одлуката за враќање или простување на увозните давачки, стоката е под царински надзор, извезена од царинското подрачје, уништена, ставена во транзитна постапка, ставена во постапка на царинско складирање или ставена во слободна зона или слободен склад, со цел стоката повторно да биде извезена.

За да се одреди едно од претходно наведените царински дозволени постапувања или употреби, таа стока се смета за странска стока. Кога стоката е ставена во царински склад или слободна зона, царинскиот орган ги презема сите

потребни мерки за да може таа стока да се идентификува како странска стока (пример: увид во евиденцијата).

136.Увозните давачки не се враќаат или простуваат за стока која пред нејзиното декларирање во царинската декларација, била привремено увезена заради испитувања, освен доколку се утврди дека за време на тие испитувања, при вообичаениот начин на испитување, не можело да се открие дека стоката била со недостатоци или дека не била во согласност со условите на договорот.

137.Увозните или извозните давачки се враќаат или простуваат по поднесено барање до Службата за првостепена управна постапка во рок од дванаесет месеци од денот кога должникот бил известен за износот на тие давачки. Во соодветно оправдани исклучителни случаи може да се одобри овој рок да се надмине.

138.Увозните или извозните давачки се враќаат или простуваат во посебни случаи, кои настанале од околности во кои на засегнатото лице не можат да му се припишат намери за мамење или од небрежност. Овие посебни случаи се:

- утврдени во член 489 и член 490 од УСЦЗ или
- други случаи кога има посебна ситуација како резултат на околности во кои на засегнатото лице не може да му се припише намера за мамење или очигледна небрежност.

139.Барање за враќање или простување на извозни или увозни давачки, се поднесува од лицето кое ги платило или кое е одговорно за плаќање на тие давачки или од лицата кои ги презеле неговите права и обврски. Барање за враќање или простување може да поднесе и застапник на лицето или лицата од овој став.

140. Барање за враќање или простување се поднесува во еден оригинал и една копија (прилог 62 од УСЦЗ), но истото може да се поднесе во слободна писмена форма, под услов да ги содржи податоците од наведениот прилог.

141. Службата за првостепена управна постапка постапува согласно Процедурата за спроведување на првостепена управна постапка[14] и доколку утврди дека условите за враќање или простување утврдени со Царинскиот закон се исполнети и износот на давачки за кој се бара враќање или простување бил платен или евидентиран во царинската евиденција донесува решение за

[14] Процедурата за спроведување на првостепена управна постапка како интерен акт е објавена во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа.

враќање или простување. Решението се евидентира во модулот Систем за наплата и сметководство со внесен датум на извршност и преку ЕДМС со забелешка за датум на извршност се доставува до Одделение за наплата на приходи, каде се следи спроведување на истото.

142. Кога барањето е одобрено, решението ги содржи сите податоци потребни за нејзино извршување. Во зависност од околностите, сите или некои од следниве податоци треба да бидат наведени во истото:
- податоците потребни за идентификација на стоката за која одлуката се однесува;
- основот за враќање или простување на увозните или извозните давачки и повикување на соодветен член од Царинскиот закон;
- употребата која за стоката може да биде одредена или одредиштето каде стоката може да биде пратена, во зависност од можностите кои се на располагање за конкретниот случај согласно Царинскиот закон, и кога е тоа потребно врз основа на посебно одобрение од страна на Службата за првостепена управна постапка;
- рокот за завршување на формалностите од кои зависи враќањето или простувањето на извозните или увозните давачки;
- изјава дека увозните или извозните давачки нема да бидат вратени или простени се додека царинската испостава на излез не ја извести Службата за првостепена управна постапка дека формалностите од кои зависи враќањето или простувањето се завршени;
- податоци за било кои услови и барања на кои стоката подлежи до спроведувањето на решението;
- забелешка со која странката се известува дека мора да го даде оригиналот на решението на царинската испостава на излез кога ја става стоката на увид.

143. Увозни или извозни давачки се враќаат или простуваат само доколку износот кој се враќа или кој се простува го надминува изностот од 10 евра во денарска противвредност.

144. Враќањето на увозните или извозните давачки се извршува преку модулот Систем за наплата и сметководство во рок од три месеци од денот на донесување на решението. Доколку враќањето не се изврши во овој рок, износот на каматата се утврдува во согласност со членот 240-6 став (2) точка б) од Царинскиот закон.

## V.1 Гасење на долгот

145. Царинскиот долг се гаси:
- со плаќање на износот на давачки,
- со простување на износот на давачки,
- со отпис на износот на побарувања од царинската евиденција по истекот на десет години од денот кога настанал царинскиот долг,
- со ненаплата на долгот во случај на правно утврдена несолвентност на должникот,
- кога, во однос на стоката декларирана за царинска постапка која вклучува обврска за плаќање на давачки:
    - царинската декларација се поништува во согласност со членот 76 на Царинскиот закон,
    - стоката пред нејзиното пуштање е или привремено одземена и истовремено или подоцна одземена, уништена по налог на царинскиот орган, уништена или отстапена во согласност со членот 191 на Царинскиот закон, уништена или неповратно загубена како резултат на видот и карактеристиките на стоката или непредвидливи околности или виша сила,
- кога стоката во однос на која настанал долг согласно член 217 на Царинскиот закон е привремено одземена и истовремено или подоцна е одземена,
- кога ќе се поништат формалностите извршени за да се овозможи одобрување на преференцијалниот тарифен третман од членот 232 на Царинскиот закон.

146. Во случај на привремено одземање и одземање на стока, во однос на казнените одредби кои се применуваат при повреди на царинските прописи, се смета дека царинскиот долг не згаснал кога со казнените одредби е пропишано дека царинските давачки претставуваат основа за определување на казни или дека постоењето на царински долг е основа за покренување на кривична и прекршочна постапка.

## V.2 Отпис на долгот

147. Износот на давачки евидентиран во царинската евиденција може да биде отпишан:
- со застарување на правото за наплата по истекот на десет години од денот кога настанал царинскиот долг,
- кога се исполнети условите од член 247 од Царинскиот закон.

## VI. Преодни и завршни одредби

148. Одговорни за постапување по ова Упатство се царинските службеници од надлежните царинарници и царинските службеници од соодветните организациони единици во Секторот за царински систем, Секторот за контрола и истраги, Секторот за финансиски прашања и Секторот за правни работи.

149. Надлежни за предлагање, примање и подготвување на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем, помошник директорот на Секторот за контрола и истраги, помошник директорот на Секторот за финансиски прашања, помошник директорот на Сектор за правни работи и управниците на царинарниците.

150. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

151. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

152. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

153. Секое постапување спротивно на одредбите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

154. Се задолжува Секторот за царински систем во рок од 3 дена од денот на донесување на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и да го објави на интранет страницата на Царинската управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

155. Со донесување на ова Упатство, престанува да важи 01.30.32.УП.001.05 Упатството за царински долг број 01-037798/17-0006 од 29.11.2021 година.

156. Ова Упатство стапува на сила со денот на донесувањето.

Директор
Мр Славица Кутиров

Бр. 01-037798/17-0007
Скопје 07-02-2023 година

Изработил: Гордана Динеска
Одобрил: Офелија Бајо

Записи:
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.01.06 Барање за прифаќање на банкарска гаранција/Анекс
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.02.06 Барање за прифаќање на банкарска гаранција/Анекс - ЗУЈ
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.03.06 Барање за прифаќање на поединечен готовински депозит
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.04.06 Барање за прифаќање на поединечен готовински депозит - ЗУЈ
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.05.06 Барање за прифаќање на готовински депозит за обезбедување на долг во царинската постапка
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.06.06 Барање за прифаќање на готовински депозит за обезбедување на долг во царинската постапка - ЗУЈ
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.07.06 Известување
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.08.06 Известување – ЗУЈ
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.09.06 Пресметка/решение за плаќање на одложените увозни давачки
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.10.06 Пресметка/решение за плаќање на одложените увозни давачки - ЗУЈ
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.11.06 Барање/одобрение за одложување на плаќање на царинскиот долг
- 01.30.32.УП.001.06-ОБ.12.06 Барање/одобрение за одложување на плаќање на царинскиот долг - ЗУЈ
- Гаранција за обезбедување на царинскиот долг во царинската постапка (прилог 60 од УСЦЗ)
- Барање за одобрување за поднесување на општа гаранција (прилог 60-а од УСЦЗ)
- Барање за одобрување за поднесување на општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција (прилог 60-б од УСЦЗ)
- Потврда за готовински депозит (прилог 61 од УСЦЗ)
- Барање за враќање или простување се поднесува во еден оригинал и една копија (прилог 62 од УСЦЗ)

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

Прилог 1

## ГОТОВИНСКИ ДЕПОЗИТ - НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА УПЛАТНИЦА ВО СОЦДАД (ОБРАЗЕЦ ПП 50)

При уплати на депозитна сметка фиксните податоци се како што е прикажано на сликата



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК: 0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 725939 20

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ - Царинска Управа на РСМ Депозитна сметка
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ - Народна банка на РСМ
- СМЕТКА - единствената трезорска сметка 100-0000000630-95
- СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК 0900300175 696 26
- ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА 725939 20
- НАЧИН - за да може уплатувачот "веднаш" да ги користи своите средства во царинска постапка, начинот на плаќање мора да биде - 1 - т.е. уплатата веднаш да биде реализирана од страна на деловната банка.

Полето **ПОВИКУВАЊЕ БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ** се пополнува со:

**Префикс-РБД број (кога РДБ бројот е познат)**
**Префикс-GGMK (кога РБД бројот не е познат)**
GG- година
МК – шифра на држава

**РБД** број е број на царинска декларација кој секогаш се пополнува **со големи букви и со латинична подршка, без празни места.** Ги содржи следените карактери:

GGMKIMHHHHXXXXXXXP кои означуваат:

GG – година кога е евидентиран документот
МК- шифра на држава
IM/EX-увозна/извозна постапка
НННН-Царинска испостава
XXXXXXX-број на декларација
P-контролен број од 0 до 9

**Префиксот може да биде:**

950- дополнителна верификација на царинската вредност, земање мостри или дополнителна проверка на доказот за потекло
953- постапки со економски ефект

<u>Пример:</u> 950-19MKIM101000000251 ( за позната декларација) или
950-19MK (кога декларација не е позната)


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
950-19MKIM101000000251

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ДАТУМ НА ВАЛУТА
ДДММГГГГ

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
Царинска управа на РСМ
Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ
Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК
0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
725939 20

НАЧИН
1

ДАТУМ НА УПЛАТА
ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 950-19МК

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ
Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК: 0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 725939 20

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

<u>Пример:</u> 953-19МКIM101000000251 ( за позната декларација) или
953-19МК (кога декларација не е позната)

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 953-19МКIM101000000251

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ
Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК: 0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 725939 20

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА
ДДММГГГ

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
953-19МК

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
Царинска управа на РСМ
Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ
Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК
0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
725939 20

НАЧИН
1

ДАТУМ НА УПЛАТА
ДДММГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

Прилог 2

## ЕВИДЕНТНА СМЕТКА 845-XXX-00960 - НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА УПЛАТНИЦА ВО СОЦДАД (ОБРАЗЕЦ ПП 50)

При уплати на евидентната сметка фиксните податоци се како што е прикажано на сликата



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА: 845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ - Царинска Управа на РСМ Евидентна сметка
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ - Народна банка на РСМ
- СМЕТКА – единствена трезорска сметка 100-0000000630-95
- УПЛАТНА СМЕТКА - 845 - XXX - 00960 (XXX е шифра на општина на уплатувачот)
- НАЧИН - за да може уплатувачот "веднаш" да ги користи своите средства во царинска постапка, начинот на плаќање мора да биде 1 -т.е. уплатата веднаш да биде реализирана од страна на деловната банка
- ДАТУМОТ НА ВАЛУТАТА И ДАТУМОТ НА УПЛАТАТА треба да бидат идентични.
- ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА НЕ СЕ ПОПОЛНУВА

Полето **ПОВИКУВАЊЕ БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ** се пополнува на следниот начин со **Префикс-РБД број-верзија на налогот од модул Систем за наплата и сметководство (1,2....).**

**РБД број** е број на царинска декларација кој секогаш се пополнува **со големи букви и со латинична подршка, без празни места.**

Ги содржи следните карактери: GGMKIMHHHHXXXXXXXP кои означуваат:
GG – година кога е евидентиран документот
МК- шифра на држава
IM/EX-увозна/извозна постапка
НННН-Царинска испостава
XXXXXXX-број на декларација
P-контролен број од 0 до 9

__Пример за РБД број:__ 19MKIM101000000251

__ПРЕФИКСОТ МОЖЕ ДА БИДЕ:__

900- за плаќање на обврски __обезбедени со банкарска гаранција__ кога уплата ја врши царинскиот должник,
901- за плаќање на обврски обезбедени со банкарска гаранција кога уплата ја врши банка гарантор,
600- за плаќање на камата од страна на царински должник,
601- за плаќање на камата од страна на банка гарантор.

__Пример:__ 900-19MKIM101000000251-1 600-19MKIM101000000251-1
901-19MKIM101000000251-1 601-19MKIM101000000251-1


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
900-19MKIM101000000251-1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ДАТУМ НА ВАЛУТА
ДДММГГГГ

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
Царинска управа на РСМ
Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ
Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА
845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН
1

ДАТУМ НА УПЛАТА
ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 600-19MKIM101000000251-1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ, Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА: 845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

<u>Напомена:</u>

- Не е дозволена групна уплата по гаранција.
- При плаќање по Опомена/Активирање на гаранција во исто време се плаќа камата со префикс 600/601, во спротивно долгот се смета како нецелосно платен.

205- за плаќање на обврски кои <u>не се обезбедени</u> со банкарска гаранција
<u>Пример:</u> 205-19MKIM101000000251-1 (2,3....)



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 205-19MKIM101000000251-1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: Царинска управа на РСМ, Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ: Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД

УПЛАТНА СМЕТКА: 845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН: 1

ДАТУМ НА УПЛАТА: ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

815-за плаќање на усна декларација/ППД само за декларации од СОЦДАД
<u>Пример:</u> 815-19MKIM101000000251-1 (2,3....)

507- за плаќање на обврски по решение за дополнителна наплата и по член 232

**Пример:** 507-19MKIM101000000251-1 (2,3....) или
507-19MK-HHHH-UBR/1


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ 507-19MKIM101000000251-1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ Царинска управа на РСМ Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА 100000000063095

ИЗНОС МКД

УПЛАТНА СМЕТКА 845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН 1

ДАТУМ НА УПЛАТА ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ 507-19MK-1010-007/1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ Царинска управа на РСМ Евидентна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧ Народна Банка на РСМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА 100000000063095

ИЗНОС МКД

УПЛАТНА СМЕТКА 845 XXX 00960

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН 1

ДАТУМ НА УПЛАТА ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

Во цел на дознака се пополнува: Решение за дополнителна наплата или Решение по член 232.

ПРИЛОГ 60

*(член 451)*

## ГАРАНЦИЈА

**за обезбедување на долг во царинска постапка**

Гарантот:

______________________________________________________________

По налог на :

______________________________________________________________

за обезбедување на долг согласно Уредбата за спроведување на царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број 66/05) издава:

**ГАРАНЦИЈА** бр. ................

**за обезбедување на долг во царинската постапка**

Оваа гаранција на износ до ______________ денари може да се употребува за наплата на долг за стока за која е започната царинска постапка во период од ____________ до ___________.

Крајниот рок за наплата на гаранцијата е _____________.

**ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ**

Матичен број: ..........................................................................

Даночен број: ..........................................................................

Назив на гарантот: ..........................................................................

Седиште: ..........................................................................

Поштенски број: ......................... Место: ......................................

Жиро сметка: ..........................................................................

која се води кај: ..........................................................................

**ПОДАТОЦИ ЗА ЦАРИНСКИ ДОЛЖНИК - НАЛОГОДАВЕЦ**

Матичен број: ..........................................................................

Даночен број: ............................................. ...............................

Назив: ..........................................................................

Седиште: ..........................................................................

Поштенски број: ................................ Место ...................................

Гарант се обврзува дека "на прв повик" и "без приговор" ќе го плати долгот согласно Уредбата за спроведување на царинскиот закон, до висината која е наведена во оваа гаранција, а кој настанал или би можел да настане во рок на важење на гаранција во следните царински постапки:

- ☐ пуштање во слободен промет
- ☐ царинско складирење
- ☐ увоз за облагородување
- ☐ преработка под царинска контрола
- ☐ привремен увоз
- ☐ извоз за облагородување
- ☐ извоз
- ☐ привремено чување

☐ Оваа гаранција се употребува и за обезбедување на долг на други царински должници кога налогодавецот на оваа гаранција настапува пред царинските органи како директен застапник на царинскиот должник. *(се означува дали важи оваа одредба или не се пополнува доколку не е потребна)*

☐ Оваа гаранција се употребува и за обезбедување на долг од царински постапки со економски ефект, започнати во рокот на важност на претходната гаранција бр. ____________ од ____________ издадена од гарантот ______________________________, доколку тие не биле завршени во согласност со царинските прописи и може да настане долг кој бил обезбеден со претходната гаранција. *(се означува дали важи оваа одредба или не се пополнува доколку не е потребна)*

☐ Оваа гаранција се употребува и за обезбедување на долг од царински постапки започнати во рокот на важност на претходната гаранција бр. ____________ од ____________ издадена од гарантот ______________________________, кој би можел да настане со прифаќање на дополнителна декларација, завршување на проверка на царинската декларација или во други случаи кога согласно царинските прописи стоката се пушта во слободен промет со обезбедување на евентуалниот царински долг кој бил обезбеден со претходната гаранција. *(се означува дали важи оваа одредба или не се пополнува доколку не е потребна)*

Оваа гаранција се намалува за секој по оваа гаранција платен износ, до вкупниот износ на гаранцијата.

Гаранција е издадена во два еднакви примероци од кои еден за гарантот и еден за царинскиот орган.

| ____________________ | М.П. | ____________________ |
|---|---|---|
| Место и датум | | Потпис на овластеното лице |

## Прилог 60-а

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Барање за одобрување за поднесување на општа гаранција** | | | | |
| 1. | **Податоци за подносителот на барањето** | | | |
| | Назив | | | |
| | Адреса | | | |
| | Даночен број | | Матичен број | |
| | Одговорно лице | | Лице за контакт | |
| | Телефон/Телефакс | | Е-маил | |
| 2. | **Податоци за гаранција** | | | |
| | Денарски износ на гаранцијата | | | |
| | Гарант кој ја издал гаранцијата | | | |
| | Важност на гаранцијата | | од: | |
| | | | до: | |
| | Рок за наплата на гаранцијата | | | |
| | Евидентен број на гаранција | | | |
| | Општа гаранција | | ☐ | |
| 3. | **Месечен просек на пресметан долг / евентуален долг во последните шест месеци (види Прилог Пресметка)** | | | |
| | Износ во денари | | | |
| 4. | **Во царинската постапка учествувам како:** | | **увозник/извозник** ☐<br>**застапник** ☐ | |
| 5. | **Царинска испостава во која ќе се употребува гаранција (се запишува шифрата и името на една или повеќе царински испостави)** | | | |
| | Шифра и име | | | |
| 6. | **Изјави на царинскиот должник** | | | |
| | Изјавувам дека сум регистриран на Царинското подрачје на РепубликаСеверна Македонија | | ☐ | |
| | Изјавувам дека имам историја на почитување на царинските и даночните барања | | ☐ | |
| | Изјавувам дека сум редовен корисник на царинските постапки | | ☐ Пуштање во слободен промет<br>☐ Царинско складирање<br>☐ Увоз за облагородување<br>☐Преработка под царинска контрола<br>☐Привремен увоз<br>☐Извоз за облагородување<br>☐Извоз<br>☐ Привремено чување | |
| 7. | **Подносител на барањето** | | | |
| | Име и презиме на одговорно лице | | | |
| | Потпис на одговорно лице | | (м.п.) | |

<table>
<tr><th colspan="4">Пополнува Царинската управа</th></tr>
